**20260430648**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), а во врска со член 16 став (7) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 февруари 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИТЕ ИГРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СУБЈЕКТИТЕ - КОРИСНИЦИ ОДДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2026 ГОДИНА

I. Со оваа одлука се врши распределба на средствата од игрите на среќа и забавните игри за финансирање на субјектите - корисници од дејноста спорт, односно националните спортски федерации, активните спортските клубови, активните спортисти кои се натпреваруваат во индивидуалните спортови и други правни лица кои имаат решение за дејност спорт.

II. Средствата за реализација на оваа одлука во вкупен износ од 31.500.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година во Раздел 162.01 - Министерство за спорт, Потпрограма 20 – Спорт, Ставка 463 - Трансфер до невладини организации.

III. Средствата од дел II од оваа одлука се наменети за:

| Реден бр. | Опис на планирани активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | подготовки и учество во рамки на меѓународни спортски натпревари | 10.000.000,00 |
| 2. | организација на светски и европски првенства, регионални и останати меѓународни спортски натпревари | 13.000.000,00 |
| 3. | примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите | 2.000.000,00 |
| 4. | проекти за поддршка на учеството на жената во спортот и родова еднаквост во спортот | 3.000.000,00 |
| 5. | националните спортски федерации за борба против допингот во спортот | 2.000.000,00 |
| 6. | програми за поддршка на талентирани млади спортисти (училишен спорт) | 1.500.000,00 |
| | Вкупно | 31.500.000,00 |

1. Финансирање на подготовки и учество во рамки на меѓународни спортски натпревари. Средствата се наменети за финансирање на националните спортски федерации за подготовки и учество на спортисти поединци и национални тимови во рамки на светски и европски првенства, регионални и останати меѓународни спортски натпревари (отворени првенства и купови), за што се утврдени средства во износ од 10.000.000,00 денари.

2. Финансирање на организација на светски и европски првенства, регионални и останати меѓународни спортски натпревари. Средствата се наменети за финансирање на националните спортски федерации и спортски клубови за организација на светски и европски првенства, регионални и останати меѓународни спортски натпревари (отворени првенства и купови), за што се утврдени средства во износ од 13.000.000,00 денари.

3. Финансирање на примена на науката во спортот преку вршење антрополошки мерења на спортистите. Средствата се наменети за финансирање на националните спортски федерации за вршење антрополошки мерења на спортистите кои учествуваат во националниот систем на натпревари од страна на јавна високообразовна институција која обезбедува наставна, научна и апликативна дејност од областа на спортот заради соодветно планирање на нивните тренажни процеси, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

4. Финансирање на проекти за поддршка на учеството на жената во спортот и родова еднаквост во спортот. Средствата се наменети за финансирање на националните спортски федерации за реализација на проекти за поддршка на учеството на жената во спортот заради обезбедување еднаква застапеност на жената во органите на управување на спортските субјекти, зголемување на нејзиното учество во тренажните процеси во спортските клубови, националниот и меѓународниот систем на натпревари и спортската рекреација, како и во рамки на стручниот дел од работата на спортските клубови и националните спортски федерации, како тренери, делегати и судии, за што се утврдени средства во износ од 3.000.000,00 денари.

5. Финансирање на националните спортски федерации за борба против допингот во спортот. Средствата се наменети за спроведување допинг контроли и управување со резултатите од извршените допинг контроли, како и за исполнување на обврските од меѓународните конвенции за борба против допингот во спортот, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

6. Финансирање на програми за поддршка на талентирани млади спортисти (училишен спорт). Средствата се наменети за финансирањето проекти и активности на национални спортски федерации кои промовираат и реализираат активности за откривање и рана спортска специјализација на талентирани млади спортисти вклучени во системот на основно и средно образование во повеќе спортови за спроведување спортски кампови организирани од страна на националните спортски федерации, за што се утврдени средства во износ од 1.500.000,00 денари.

IV. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-166/11
24 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.